Совет на Општина Делчево
Број 09- 281/2
08.02.2023 година
Делчево

ЗАПИСНИК
од одржаната Вонредна седница на Советот
на Општина Делчево

Вонредната седница се одржа на 08.02.2023 година во Мултимедијалниот центар во Спомен-домот АСНОМ во Делчево, со почеток во 17:00 часот.

На седницата присуствуваа сите 13 членови.

Оправдано отсутни беа: Гоце Попов и Зекир Абдулов.

Во услови на отсуство на претседателот на Советот, со седницата претседаваше најстариот член на Советот, Марјанчо Велиновски.

Вонредната седница ја отвори и со неа претседаваше Марјанчо Велиновски која на почетокот ги образложи причините за свикување на Вонредната седница, односно катастрофалниот земјотрес во Турција и Сирија.

Тој истакна дека согласно член 40 став 3 од Законот за локална самоуправа, став 3 Советот не може да го менува дневниот ред за Вонредната седница и дека согласно истиот член став 4, пред започнувањето на седницата се гласа за оправданоста на причините за свикување на Вонредната седница.

Тој ги повика членовите на Советот на Општина Делчево да гласаат за оправаноста на причините за свикувањето на Вонредната седница.

Со 13 гласа „ЗА“, значи едногласно Советот на Општина Делчево гласаше дека причините за свикувањето на седницата се оправдани.

За Вонредната седница на Советот на Општина Делчево,беше предложен следниот

## Дневен ред

1. Предлог-Одлука за доделување на парична помош од Буџетот на Општина Делчево за настраданото население од катастрофалниот земјотрес во Турција и Сирија.

На гласање беше ставен дневниот ред.

Со 13 гласа „ЗА“, значи едногласно Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за Вонредната седница.

По првата точка образложение поднесе градоначалникот на Општина Делчево кој истакна дека Општина Делчево, како и многупати досега, во изминативе 30 години, се покажува како хумана општина и сочувствува со турскиот и сирискиот народ, изразувајќи жалење за големите материјални штети и ненадоместливата загуба на човечки животи. Од тие причини поднел барање за свикување на Вонредната седница и е предложена Одлуката за доделување на парична помош од Буџетот на Општина Делчево за настраданото население од катастрофалниот земјотрес во Турција и Сирија. Со самата одлука се доделуваат 120.000 денари, или по 60.000 денари за двете држави. Сумата не е голема, но сепак е во можностите на нашата општина и нашиот буџет, рече тој. Еве, вие како советници можете да се вклучите во расправата и да продискутираме за сумата, рече тој. Исто така, градоначалникот ги

повика сите поединци, сите институции, правни и физички лица кои сакаат да донираат, да се обратат во организацијата на Црвен крст на РСМ или да донираат на телефоните 143 400.

Иван Гоцевски рече дека сумата е мала, но со оглед на можностите на Општина Делчево е сразмерна и во рамките на кондицијата на буџетот. Секако советничката група на ВМРО ДПМНЕ ќе ја поддржи оваа одлука и секоја друга наредна која е од хуман карактер и се однесува за помош на било кој. Тој рече дека неговата дискусија е во друга насока, односно, го праша градоначалникот дали од страна на некои припадници на нашата ТППЕ има интерес да заминат во загрозените подрачја и да помогнат во пронаоѓањето на настраданите луѓе во земјотресот. Тој исто така рече дека стои на располагање доколку има интерес, да лобира кај градоначакниците од други соседни општини за превоз. Турција и Турците ни се блиски како држава и народ, исто така сме збратимени со 1 општина и треба да се здружиме сите заедно и да помогнеме најмногу што можеме. Сега е моментот кога треба да им се помогне на луѓето, рече Иван Гоцевски.

Градоначалникот на Општина Делчево рече дека дискусијата на Иван Гоцевски е добра и конструктивна и дека дискусиите на сите треба да бидат во тој правец. Градоначалникот рече дека од пожарникарите имало пријавено 4 кои сакаат да заминат и да помогнат во Турција, тие се во координација со Центарот за управување со кризи. Другите пожарникари не се во состојба да заминат бидејќи ги немаат потребните сертификати и обуки, рече градоначалникот.

Иван Гоцевски се јави за збор и упати апел до сите лица кои сакаат да помогнат, да донираат на телефонскиот број и си финансиски средства на отворените донаторски сметки.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена, а на гласање беше ставена Одлуката за доделување на парична помош од Буџетот на Општина Делчево за настраданото население од катастрофалниот земјотрес во Турција и Сирија.

Едногласно (со 13 гласа „ЗА“) Советот на Општина Делчево ја донесе истата.

Со исцрпувањето на дневниот ред, Вонредната седница, заврши со работа во 17:20.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Претседавач на Вонредна седница

Марјанчо Велиновски

Записникот го водела

Снежана Трајкова